Република Северна Македонија
Јавна установа Центар за социјална работа
ВАЛАНДОВО
Бр. 04-156/9
10.10. 2023 год.
Валандово

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став 10 одЗаконотзасоцијалназаштита (Сл. Весникна РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 23 став 1 точка 9 од Статутот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово бр. 01-226/1 од 24.06.2019 година, В.Д. Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово во врска со објавениот интерен оглас бр.04-156/1 2023 од 02.10.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидати за унапредување по пат на интерен оглас**

1.За извршител на работното место - **СОЗ0303А04020** – Водител на случај во ЦСР-дипломиран социјален работник во Служба за права на парична помош од социјална заштита, еден(1)извршител ЈУ Центар за социјална работа Валандово се избира кандидатот **Петар Јанакиев.**
2.Избраните кандидати ќе биде унапредени на работното место од точка еден, по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр. 04-156 од 02.10.2023 година за пополнување на слободни работни места во установата со унапредување на еден (1) извршител по пат на објавување на интерен оглас, а по претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од странана Министерството за финансии бр. 18-6663/2 од 13.06.2023 година ЈУ Центар за социјална работа Валандово објави интерен оглас бр. 04-156/1 на 02.10.2023 година на огласна табла на установата како и на интернет страната на институцијата за унапредување на еден извршител за работното место Водител на случај во ЦСР-дипломиран социјален работник во Служба за права на парична помош од социјлана заштита во ЈУ Центар за социјална работа Валандово.

Во врска со објавениот оглас, В.Д. Директорот формира Комисија за унапредување на еден (1) давател на јавна услуга по пат на интерен оглас со Решение бр. 04-156/5 од 06.10.2023 година заради проверка на веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите и спроведување интервју.

Комисијата за унапредување, по спроведената постапка за веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите и интервјуто состави Записник бр.04-156/6 од 09.10.2023 година.

По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и исполнување на условите од интерниот оглас и интервјуто, Комисијата изготви ранг-листа на кандидати бр. 04-156/7 од 10.10.2023 година и предлог за прворангираниот кандидати бр. 04-156/8 од 10.10..2023 година и истиот ги достави до В.Д. Директорот.

Врз основа на ранг-листата и предлогот В.Д. Директорот изврши избор на еден кандидат за унапредување како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до
-кандидат
-досие

ЈУ Центар за социјална работа Валандово
В.Д. Директор
Благоје Зајков